## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ТУРИСТИЧКИ ДЕСТИНАЦИИ“ (Е-СКРИПТА) ОД ПРОФ. Д-Р НИКОЛА В. ДИМИТРОВ И Д-Р ТАЊА АНГЕЛКОВА-ПЕТКОВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ШТИП

Со Одлука бр. 2602-314/5 од 15.3.2014 год., Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика - Гевгелија на 110. седница донесе Одлука за избор на рецензенти за издавање скрипта „Туристички дестинации“ по предметот Туристички дестинации.

За рецензирање на ракописот - скрипта „Туристички дестинации“ од авторите проф. д-р Никола В. Димитров и д-р Тања Ангелкова-Петкова се избрани следниве рецензенти:

- д-р Нако Ташков, вонреден професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип;
- д-р Дејан Методијески, доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип,

со задача да изготват и достават писмен извештај (рецензија) на ракописот „Туристички дестинации“ од авторите проф. д-р Никола В. Димитров и д-р Тања Ангелкова-Петкова.

По прегледот на ракописот, до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот за скриптата **„ТУРИСТИЧКИ ДЕСТИНАЦИИ“** од авторите проф. д-р Никола В. Димитров и д-р Тања Ангелкова-Петкова е компатибилен со Наставната програма на предметот Туристички дестинации, што се изучува на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, на прв циклус додипломски студии.

Предметот, согласно со Наставната програма за учебната 2013/2014 година, се изучува како задолжителен предмет на студиските програми: Туризам и Гастрономија, исхрана и диететика, во IV и V семестар, со 8 кредити, и со фонд на часови од 3+2+2.

Ракописот за скриптата „Туристички дестинации“ е напишан со нормален проред, фонд Ariel, со македонска поддршка, големина на буквите 12 и има вкупно 210 страници, во А-4 формат. Предложениот обем по содржина ги задоволува критериумите според предвидениот број часови, при што се слуша како задолжителен предмет на студиските програми Туризам и Гастрономија, исхрана и диететика.

Текстот е подготвен според пропишаната Наставна програма и барањата што се поставуваат пред студентите, а кои се однесуваат на реализација на наставните часови во рамките на предметот Туристички дестинации.

Ракописот е направен според тематски содржини кои одговараат на оваа проблематика. Покрај другото, применета е и соодветна методологија, како и методски принципи кои соодветствуваат во истражувачкиот процес применлив за вакви содржини.

Во ракописот се презентирани десет теми со 47 поглавја, 15 слики - графички прикази и 10 табели. Во скриптата, исто така, се цитирани стотина библиографски единици.

Во ***првата тема -*** Поим и елементи на туристичката дестинација авторите ги презентираат поимите туризам и туристичките дестинации како сложен систем. Исто така, даваат опис за концепти, типови и основни елементи на туристичките дестинации.

***Втората тема -*** Основни карактеристики и развој на туристичката дестинација е даден осврт за повеќе карактеристики, како што се визија, мисија, цели, развој, животен циклус, модел на ниво на туристички развој, специфични групи и формулирање на стратегија на туристичката дестинација.

***Третата тема*** е наменета за Конкурентност и одржливост на туристичката дестинација. Овде главен акцент е даден на компаративните предности, облиците, индикаторите и синџирите на вредности и конкурентност, како и на одржливост на туристичката дестинација.

Во ***четвртата тема*** во рамките на дозволениот простор обработен менаџментот на туристичката дестинација. Објаснети се менаџмент процесите на планирање, организирање, управување и контрола.

Во ***петтата тема*** станува збор за пристапот и процесот во позиционирањето на туристичките дестинации. Додека пак, во ***шестата тема*** се дадени важни сегменти и својствата на идентитетот, имиџот и брендирањето на туризмот во секоја дестинација.

Во ***седмата тема*** се дадени концепциски рамки за управување на туристичката дестинација, како и објаснувања за концептот на маркетинг микс, формирањето на туристички производ, цената како инструмент и промоција на туристичката дестинација.

***Осмата тема*** е посветена на туристичкиот дестинациски кластер како специфична форма, концепт за поврзување и изградба на конкурентноста и јавно приватно партнерство на туризмот во туристичките дестинации.

Во последните две теми, ***деветтата и десеттата тема,*** се дадени размислувања за дестинацискиот развој на туризмот во Република Македонија како интегрална туристичка дестинација. Имено, во деветтата тема објаснети се слабостите и предностите, како и просторната основа, критериумите и организацијата на туризмот во дестинациите во Република Македонија. Во последната десетта тема се поместени приоритетите за развој на македонскиот туризам, дадена размислувања за SWOR анализа, животниот циклус и туристичката политика на македонскиот туризам.

На крајот, скриптата завршува со поширок список на користена и консултирана литература од домашни и странски автори.

## З А К Л У Ч О К

Скриптата „Туристички дестинации“ од авторите проф. д-р Никола В. Димитров и д-р Тања Ангелкова-Петкова претставува стручна публикација која ги опфаќа најголемиот број елементи и компоненти во истражувачкиот, едукативниот и наставно-образовниот сегмент во делот на туристичките дестинации. Разработените содржини се во согласност со Наставниот план и содржините на предметот Туристички дестинации, што го изучуваат студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев – Штип, на студиските програми Туризам и Гастрономија, исхрана и диететика, во IV и V семестар, со 8 кредити, и со фонд на часови од 3+2+2.

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање е-скрипта пропишана според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Скриптата е напишана во мошне разбирлив стил за скоро сите видови читатели, а најмногу за оние коишто се занимаваат со истражувањето и изучувањето на туристичките дестинации. Според тоа, покрај за широката читачка популација, скриптата најмногу може да им користи за студентите од факултетите за туризам и угостителство, потоа за оние кои ја изучуваат бизнис логистиката, гастрономијата, за оние коишто се занимаваат со хотелиерството, туризам и сл.

**Рецензентската комисија предлага ракописот „Туристички дестинации“ од авторите проф. д-р Никола В. Димитров и д-р Тања Ангелкова-Петкова да биде издадена во електронска форма како е-скрипта за потребите на студентите на прв циклус - додипломските студии на студиските програми Туризам и Гастрономија, исхрана и диететика на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Нако Ташков, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Дејан Методијески, доцент, с.р.**